ИПИС
ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА

Religija.mk

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

„Улогата на Католичката црква и Евангелско-методистичката црква: ставови и перцепции на граѓаните за екуменизмот“

Владимир Божиновски
Марјан Николовски



www.kas.de

„Улогата на Католичката црква и Евангелско-методистичката црква: ставови и перцепции на граѓаните за екуменизмот“

Владимир Божиновски
Марјан Николовски

Импресум

Наслов:
„Улогата на Католичката црква и Евангелско-методистичката црква: ставови и перцепции на граѓаните за екуменизмот“

Автори:
Владимир Божиновски
Марјан Николовски

Издавач:
Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Република Северна Македонија
Институт за Политички истражувања-Скопје
„Религија.мк“ Молитвеник за информации

Координација:
Роберт Јанев

Статистичка/квантитативна анализа:
Гораст Стојменовски

Дизајн:
Винсент Графика Скопје

Фотографија на насловна страница:
Авторските права за фотографијата ги задржува фондацијата Конрад Аденауер

Книгата може бесплатно да се преземе на:
kas.de/nordmazedonien

Напомена:
Оваа публикација на Фондацијата Конрад Аденауер служи само за информативни цели. Истата не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи. Ставовите и заклучоците во оваа публикација им припаѓаат на самите автори и на никаков начин не ги рефлектираат ставовите и заклучоците на Фондацијата Конрад Аденауер.

Содржина

Вовед 5

Концепт на истражувањата 7

Методологија на истражување 8

Демографски карактеристики 16

Табеларен приказ на резултатите 23

Вовед

Фондацијата „Конрад Аденауер“ (КАС) во блиска соработка со Институтот за политички истражувања-Скопје (ИПИС) и Интернет-порталот Религија.мк, продолжува со реализацијата на серијата истражувања посветени на перцепцијата на граѓаните за религијата и мултирелигиското општество во Република Северна Македонија.

Најновото истражување е насочено кон улогата, присуството и општественото влијание на помалите христијански верски заедници, со посебен фокус на Католичката црква и Евангелско-методистичката црква во земјата. Неговата цел е да се испита колку граѓаните се запознаени со овие верски заедници, како го перципираат нивното место во општеството, какви се нивните ставови за нивните општествени и хуманитарни активности, како и каков е односот на јавноста кон меѓухристијанската соработка и соживот.

Истражувањата што КАС, ИПИС и Религија.мк ги спроведуваат во изминатите години опфаќаат повеќе аспекти на односот меѓу религијата, државата и општеството. Во претходните циклуси посебно внимание беше посветено на улогата и влијанието на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, Исламската верска заедница и Еврејската заедница во македонското општество, како и на поврзаноста меѓу религијата и политичките процеси. Со ова истражување се проширува опфатот на досегашната истражувачка серија, преку вклучување на верските заедници кои, иако бројчено помалку застапени, се дел од религискиот и општествениот плурализам во државата.

Потребата од вакво истражување произлегува од значењето на познавањето и разбирањето на верската разновидност како важен елемент на едно демократско и мултирелигиско општество. Бројноста на припадниците на една верска заедница не е единствен показател за нејзиното општествено значење. Подеднакво важни се нејзиното институционално функционирање, присуството во јавниот живот, придонесот во социјалните и хуманитарните активности, како и односите што ги гради со другите верски заедници и со граѓаните во целина.

Истражувањето е фокусирано на три меѓусебно поврзани тематски области.

И ова истражување, како и претходните во рамките на истражувачката серија, го опфаќа делот посветен на религискиот барометар, преку кој континуирано се следат религиската припадност на населението, степенот на религиозност и практикувањето на верските обичаи. Овој сегмент овозможува годишен преглед на религиската структура и религиозните навики на населението, како и следење на евентуалните промени и тенденции во односот на граѓаните кон религијата.

Дополнително, во ова истражување се опфатени и прашања поврзани со степенот на доверба што граѓаните го имаат во верските институции во земјата, со посебен акцент на петте уставно наведени верски заедници. Следењето на довербата е значаен сегмент од истражувањето, бидејќи овозможува да се согледа како граѓаните го оценуваат институционалниот авторитет и општествената улога на верските заедници. Истовремено, вклучувањето на исти или споредливи показатели од претходните истражувачки циклуси овозможува компаративна анализа и следење на промените во довербата на јавноста кон верските институции низ годините.

Првата тематска област се однесува на информираноста и познавањето на граѓаните за Католичката црква и Евангелско-методистичката црква во Р. С. Македонија. Преку оваа целина се испитува степенот на запознаеност со нивното институционално уредување,

верската припадност и организациската поставеност, како и познавањето на нивните претставници и активности. Посебно внимание е посветено на перцепцијата како и на општите претстави што граѓаните ги имаат за различните христијански деноминации. Во овој дел се испитуваат и изворите од кои граѓаните ги добиваат информациите, нивните непосредни контакти со припадници на овие заедници и евентуалните искуства од посети на нивни верски објекти.

Втората тематска област ја опфаќа општествената, социјалната и хуманитарната улога на двете Цркви. Целта е да се утврди дали јавноста ги препознава овие верски заедници и надвор од нивната примарна верска и духовна мисија, односно дали ги поврзува со активности од пошироко општествено значење. Во овој контекст се испитуваат информираноста за нивните хуманитарни и социјални иницијативи, познавањето на организации и облици на помош поврзани со нив, личните или семејните искуства со таква помош, како и степенот на доверба во нивното дејствување. Истовремено, предмет на интерес е и ставот на граѓаните за улогата што верските заедници треба да ја имаат во справувањето со социјалните проблеми и во поддршката на ранливите категории на население.

Третата тематска област е посветена на меѓухристијанските односи, екуменизмот, верската толеранција и можностите за соработка меѓу православните, католиците и протестантите. Овој дел има за цел да ги испита ставовите на граѓаните за меѓусебното почитување и признавање, за дијалогот и соработката меѓу различните христијански традиции, како и за можностите за нивно поголемо единство. Особено внимание е посветено на разликата меѓу прифаќањето на практичната и општествената соработка, од една страна, и поддршката за подлабоки облици на верско и црковно приближување, од друга страна.

Во рамките на оваа тематска целина се испитуваат и ставовите кон различната верска припадност во секојдневниот живот: пријателските и соседските односи, изборот на брачен партнер, браковите меѓу припадници на различни христијански традиции, како и перцепцијата за евентуална дискриминација врз основа на верска припадност. На тој начин, истражувањето настојува да ја согледа поврзаноста меѓу верските убедувања и секојдневните општествени односи, како и степенот на прифаќање на верската различност.

Со опфаќањето на овие три тематски области, истражувањето има за цел да понуди пошироко слика за местото на Католичката црква и Евангелско-методистичката црква во македонското општество, но и за начинот на кој граѓаните ја доживуваат верската разновидност, меѓухристијанската соработка и принципите на еднаквост и толеранција.

Концепт на истражувањата

Концептот на мулти-религиска држава е соодветен за македонските прилики, со оглед дека мулти-конфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповед, но во случај на погрешна имплементација или злоупотреба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општество како македонското каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии. Со оглед на фокусирање кон мултиетничкиот концепт во изминатите неколку децении, мултирелигискиот аспект на македонското општество е честопати занемарен, иако понекогаш се споменува како одреден импакт фактор, но без притоа сериозно да се анализира степенот на влијание на религијата врз општествените процеси. Токму со цел да се добие една генерална слика за влијанието на религијата во македонското општество, Институтот за Политички истражувања од Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот religija.mk и фондацијата Конрад Аденауер (КАС), во 2016 година го започнаа проектот „Република Северна Македонија како мултиконфесионално општество.“ Проектот вклучува истражувања и анализи (кои се базирани на резултатите од тие истражувања) на повеќе општествени процеси во кои се испитува степенот на влијанието на религијата и религиозните убедувања. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

Методологија на истражување

При спроведување на истражувањето е користена квантитативна истражувачка методологија на собирање на податоци, (преку телефонска анкета), која овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација. ИПИС има детален преглед на македонските телекомуникациски мрежи и нивната дата база, што овозможува целосна територијална покриеност на националните анкети. За спроведување на анкетите се користи CATI методот и dual frame sampling model (фиксни и мобилни линии). За време на интервјуата, а со цел да се постигнат високи нивоа на доверба, се користи моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето, кое му е посочено посебно на секој испитаник. За испитанците чиј мајчин јазик не е македонскиот се ангажираат анкетари кои ги говорат јазиците на другите заедници, со цел да се избегне можна јазична бариера во комуникацијата.

Со цел да се задржат високо поставените методолошки стандарди, креиран е репрезентативен примерок за истражувањата на национално ниво, редовно тестиран и обновуван. Во овој примерок се запазени сите релевантни социо-демографски карактеристики на населението во РСМ. Националните анкети се спроведуваат со стратификуфан примерок (во две етапи со случаен избор на испитаникот). Со оглед на спецификите на истражувањето, примерокот е стратификуван согласно регионите и населените места. Големината на примерокот се избира согласно потребите на истражувањето, а во овој случај беа вклучени 1120 испитаници со задржување на генералниот сооднос во поглед на базичните демографски карактеристики како пол, возраст, професија и образование. Стратификацијата е соодветна со најновите податоци од државниот завод за статистика. Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањето и се движи од 30-60%, а за ова истражување беше 38% од добиените соговорници. Маргиналната грешка е помеѓу +/-3% со 95% интервал на веродостојност.

Анализа

Истражувањето насловено **„Улогата на Католичката црква и Евангелско-методистичката црква: ставови и перцепции на граѓаните за екуменизмот“** е спроведено на почетокот на Ноември 2026 година. Анкетата е направена помеѓу полнолетни испитаници на национално ниво. Целта на истражувањето беше да се проценат ставовите на граѓаните и нивните перцепции за христијанските заедници кои се присутни во македонското општество (со исклучок на Македонската православна црква-Охридска архиепископија како најголема христијанска заедница), нивните основни познавања за Католичката и Евангелско-методистичката црква, како и перцепциите за улогата на овие заедници во современите општествени текови.

Како и во другите истражувања од овој проект, во воведниот дел од анкетата се поставија неколку стандардни прашања кои се однесуваат на општата перцепција на граѓаните и нивниот однос кон религијата.

Првото од воведните прашања во анкетата беше **на која религија и припаѓате,** при што 71% се изјасниле како православни и 26% муслимани, додека католици, припадници на други религии или атеисти биле околу 3% од испитаниците. Како што беше напоменато и во претходните истражувања, мора да се земе во предвид разликата помеѓу припадност и практикување на религија, каде првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата ќе ја практикуваат или не. Токму затоа, како и претходно второто прашање од анкетата беше **дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на.** На ова прашање високи 51% кажале дека се религиозни и дополнителни 35% изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 14% од испитаниците. Кај православните овој процент е 12%, исто како и кај муслиманите. Овие бројки ја потврдуваат претпоставката произлезена од претходните истражувања, како и од други слични истражувања, дека Р.С. Македонија е генерално религиозна држава и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија.

Последното прашање од воведниот дел во истражувањето се однесува на перцепциите за верските заедници, односно **дали имате доверба во вашата верска заедница (МПЦ-ОА за православни, ИВЗ за муслимани итн.)** на што потврдно одговориле 50% од испитаниците, односно 54% од православните христијани во однос на МПЦ-ОА и 43% од муслиманите за ИВЗ. Донекаде доверба во своите верски заедници имаат 26% од православните и 29% од муслиманите, додека малку доверба имаат 8% од православните и 13% од муслиманите. Во МПЦ-ОА воопшто немаат доверба 8%, а во ИВЗ 9% од верниците.

Во следниот дел од анкетата се мереа познавањата на граѓаните во однос на католичката и евангелско-методистичката заедница, како најбројни христијански цркви, се разбира со исклучок на МПЦ-ОА која е најголема христијанска и воопшто најголема религиозна заедница во земјата. Првото прашање од овој дел беше **според вас колку верски заедници се наведени во Уставот на Р.С. Македонија?** На ова прашање, од понудените одговори (1-5 и повеќе од 5) точниот број на верски заедници наведени во уставот, односно пет, го избрале 17% од испитаниците, додека останатите одговориле дека има една (1%), две (5%), три (14%), четири (16%) и 11% одговориле со повеќе од пет, а 37% воопшто не избрале ниту еден од понудените одговори, односно се изјасниле дека не знаат, со што се наметнува заклучокот дека повеќето граѓани не знаат колку верски заедници се наведени во Уставот.

На прашањата **дали сте запознаени, односно информирани за Католичката и Евангелско-методистичката црква**

во Р.С. Македонија?, 12% од граѓаните се изјасниле дека се многу запознаени за Католичката црква, а 8% го дале истиот одговор за Евангелско-методистичката црква. Дека донекаде се запознаени одговориле 29% за Католичката и 20% за Евангелско-методистичката црква, а малку се информирани 26% од испитаниците во однос на Католичката и 18% во однос на Евангелско-методистичката црква. 28% од граѓаните изјавиле дека воопшто не се запознаени со Католичката и високи 46% со Евангелско-методистичката црква. Од овие одговори произлегува дека релативно висок број од сите испитаници, односно 40%, е информиран или донекаде информиран во однос на Католичката црква, додека кај Евангелско-методистичката црква овој процент е помал и се движи во рамките на 28%. Доколку се направи споредба помеѓу православните и припадниците на исламската верска заедница, околу 44% од православните и 31% од муслиманите се запознаени или донекаде запознаени со Католичката црква, а во однос на Евангелско-методистичката црква процентите се 29% за православните и 22% за муслиманите. Оттука може да се заклучи дека во споредба со муслиманите, православните верници се релативно повеќе информирани за Католичката и Евангелско-методистичката црква, што беше и очекувано со оглед дека сите тие се деноминации, односно дел од христијанската религија.

На прашањето **на која христијанска деноминација/определба и припаѓа Евангелско-методистичката црква?** Најголем дел од граѓаните одговориле со не знам (53%), додека релативно високи 35% (38% од православните, односно 28% од муслиманите) одговориле дека Евангелско-методистичката црква е дел од протестантските цркви. Останатите се определиле за православна 8% и католичка 3% деноминација. На прашањето **која е највисоката функција во Католичката црква?** Високи 74% точно посочиле дека е тоа Папата, додека 23% одговориле дека не знаат. Процентите во однос на ова прашање се слични како за православните (75%), така и за муслиманските верници (71%), што претставува резултат на високиот степен на визибилност и глобална медиумска покриеност на поглаварот на католичката црква.

На прашањето **дали некогаш сте посетиле, односно сте биле во Католичка или Евангелско-методистичка црква?** Околу 37% од испитаниците одговориле потврдно за католичка и 11% изјавиле дека посетиле некоја Евангелско-методистичка црква. Претпоставката за оваа релативна дискрепанца е дека во околината и регионот има релативно многу поголемо присуство на католички храмови, споредено со евангелско-методистички и затоа е поверојатно дека граѓаните имаат повеќе прилики да посетат некој католички храм, споредено со можноста да посетат некоја евангелско-методистичка црква.

На прашањето **дали во вашето опкружување има лице кое е католик или протестант?** Околу 35% од граѓаните одговориле потврдно за католик и 19% за протестант, а на прашањето **дали сте слушнале за одредени хуманитарни или социјални активности во земјата организирани од Католичката или Евангелско-методистичката црква?,** 34% одговориле потврдно во однос на активностите на католичката црква и 22% за активностите на Евангелско-методистичката црква. Од одговорите на претходните прашања може да се заклучи дека околу третина од граѓаните се запознаени со активностите или имаат одредена интеракција со припадници на Католичката црква, додека за Евангелско-методистичката црква овие проценти се помали и во рамките на околу 20% од испитаниците.

Во сличен контекст беше поставено и следното прашање, односно **според вас колкав е придонесот на Католичката и Евангелско-методистичката црква за македонското општество?** На ова прашање, во однос на придонесот на Католичката црква, околу 7% од граѓаните се определиле за многу голем и дополнителни 23% за донекаде голем придонес, додека 20% изјавиле дека придонесот е мал, а 13% дека нема придонес. Овој сооднос е сличен како кај православните, така

и кај припадниците на исламската верска заедница. Што се однесува до перцепциите за придонесот на Евангелско-методистичката црква, процентите се нешто пониски, односно околу 5% сметаат дека има голем придонес, 16% донекаде голем, 20% мал и 16% дека нема придонес. Доколку се споредат одговорите на ова прашање со оние на претходните две, може да се заклучи дека многу е сличен процентот на граѓаните кои имаат одредена интеракција или се информирани за активностите на Католичката и Евангелско-методистичката црква, со оние кои на ова прашање одговориле дека тие имаат голем или донекаде голем придонес за македонското општество.

Во следното прашање, конструирано со т.н. скала на социјална дистанца на Богардус, испитаниците беа запрашани **дали би прифатиле некој припадник на Католичката, односно Евангелско-методистичката црква како** *1. Дел од вашето семејство 2. Пријател, 3. Соработник/колега, 4. Познаник или 5. Воопшто Не би го прифатиле.* Во ова прашање на испитаникот му се нуди по еден одговор почнувајќи од првата опција се додека не се сложи со една од понудените опции до опцијата под број 5.

Во одговорите на ова прашање во однос на католиците, може да се забележи дека околу две третини од православните христијани (67%) и една третина 33% од муслиманите би прифатиле припадник на католичката религија како дел од семејството. Дополнително, од оние кои не би прифатиле католик како член на семејството, 19% од православните и 22% од муслиманите би го прифатиле како пријател, додека никакви контакти со припадник на католичката црква не би прифатиле 13% од православните и 29% од муслиманите.

Слични се резултатите од истото прашање, но во однос на припадниците на Евангелско-методистичката црква. Имено на прашањето дали би прифатиле како дел од семејството некој припадник на евангелско-методистичката црква, 57% православни и 33% муслимани изјавиле дека би прифатиле, 22% од православните и 19% од муслиманите би го прифатиле како пријател, а 19% од православните и 35% од муслиманите воопшто не би прифатиле одредена интеракција со припадник на Евангелско-методистичката црква. Од ова може да се заклучи дека иако граѓаните кои се припадници на двете најголеми религии во земјата се религиозни и во помал или поголем обем ја практикуваат својата вера, сепак релативно висок процент од нив нема проблем да комуницира со припадници на Католичката или Евангелско-методистичката црква*, односно постои* релативно висок степен на меѓурелигиска и интрарелигиска толеранција*, односно толеранција меѓу различни деноминации,* во овој случај во рамките на христијанската религија*.* Сепак, треба да се напомене дека граѓаните кои се припадници на православната црква искажуваат поголема толерантност од муслиманите како во однос на меѓурелигиската, така и во однос на интрарелигиската толеранција, што се потврдува и во одговорите на следните две прашања*.*

На прашањето **генерално каков е вашиот став кон припадниците на други религии?** околу 80% од православните христијани одговориле дека имаат целосно или донекаде позитивен став, односно позитивен (50%) и донекаде позитивен (31%)*,* додека тоа е случај со пониски 57% од муслиманите (35% позитивен и 22% донекаде позитивен). Донекаде негативен или негативен став имаат 10% (6% и 4% следствено) од православните и 26% (17% и 9% следствено) од муслиманите. На прашањето **каков е вашиот став кон различни верски деноминации во рамките на една религија, пример православни, католици и протестанти, сунити и шиити?** 64% од православните имаат позитивен став (39% позитивен и 25% донекаде позитивен), а тоа е случај со пониски 37% од муслиманите (23% и 14% следствено). Донекаде негативен и негативен став кон различни верски деноминации имаат 11% од православните (6% и 5% следствено) и 22% од муслиманите (14% и 8% следствено).

Следното прашање во анкетата беше **дали сметате дека припадниците на Католичката и Евангелско-методистичката црква во земјата се соочуваат со дискриминација поради својата верска припадност?** На ова прашање само 1% од испитаниците одговориле потврдно и дополнителни 8% кои сметаат дека припадниците на Католичката црква се донекаде дискриминирани, додека 57% сметаат дека тие воопшто не се дискриминирани. Во однос на Евангелско-методистичката црква процентите се слични, односно 2% сметаат дека припадниците на оваа црква се дискриминирани, 8% донекаде дискриминирани, а 52% дека воопшто не се дискриминирани. Оттука може да се заклучи дека перцепцијата на најголем дел од граѓаните е дека припадниците на двете цркви ги уживаат своите верски слободи и за нивните верници не постои никаква дискриминација по овој основ.

На прашањето **според вас, колку се блиски, односно колку споделуваат заеднички вредности, Православната и Католичката црква и Православната и Евангелско-методистичката црква?** одговорите се во рамки на очекувањата. Имено, 15% од православните верници одговориле дека Православната и Католичката црква споделуваат многу заеднички вредности (12% од сите испитаници), 35% (или 31% од сите испитаници) одговориле со донекаде, додека 15% сметаат дека двете цркци споделуваат малку заеднички вредности, а 5% воопшто никакви заеднички вредности. Во однос на заедничките вредности со Евангелско-методистичката црква, 8% од православните верници (6% од вкупниот број испитаници) одговориле многу, 26% (23% од вкупно) донекаде, 15% малку и 13% (11% од вкупно) дека двете цркви воопшто не споделуваат заеднички вредности.

Од овие одговори може да се заклучи дека православните верници и генерално граѓаните имаат позитивни, но и донекаде поделени мислења околу споделените заеднички вредности помеѓу Православната и Католичката, односно Евангелско-методистичката црква, иако околу 50% од православните верници одговориле со многу или донекаде во однос на заедничките вредности со Католичката црква. За Евангелско-методистичката црква овој процент е 33%, што е донекаде очекувано со оглед дека како што се забележува и од одговорите на претходните прашања, православните верници и граѓаните воопшто, се повеќе запознаени и имаат почеста интеракција со католици и со Католичката црква, отколку со верници на Евангелско-методистичката црква и со самата црква генерално.

На прашањето **според вас, колку се блиски, односно колку споделуваат заеднички вредности Католичката и Евангелско-методистичката црква?** перцепциите на граѓаните се поделени, односно за 30% од испитаниците, овие цркви многу или донекаде споделуваат заеднички вредности, додека за 22% тие малку или воопшто не споделуваат заеднички вредности. Сепак, најголем дел од испитаниците, т.е. 49% одговориле дека не им е познато колку се блиски или какви заеднички вредности меѓусебно споделуваат Католичката и Евангелско-методистичката црква.

Последните три прашања од анкетата се однесуваа на перцепциите околу можноста за приближување и соработката помеѓу различните христијански деноминации. Од одговорите на прашањето **дали сте слушнале за поимот Екуменизам?** Може да се заклучи дека само околу 25% од православните верници се запознаени со екуменизмот како движење кое се залага за меѓусебно приближување, соработка, дијалог и обединување на различните христијански цркви и заедници, вклучително и Православната и Католичката црква, како и разните Протестантски заедници. Сепак, на прашањето **во која мера го поддржувате дијалогот и соработката меѓу Православната, Католичката и Евангелско-методистичката црква?** 58% од православните верници (54% од вкупниот број на испитаници вклучително муслимани, атеисти и други деноминации) целосно или воглавно го поддржуваат

дијалогот и соработката помеѓу различните христијански деноминации, а само 14% целосно или делумно се противат на можноста за поблиска соработка. На прашањето **дали сметате дека поголемата соработка меѓу христијанските цркви може да придонесе за подобро разбирање и соживот во општеството?** Високи 71% од православните верници (и 60% од сите испитаници) сметаат дека поголемата соработка може да придонесе за подобро разбирање и соживот, а само 11% од православните (15% од вкупно) сметаат дека соработката нема да придонесе кон унапредување на соживотот. Од одговорите на овие три прашања може да се констатира дека најголемиот дел од православните христијани, иако можеби не се доволно запознаени со поимот екуменизам, го поддржуваат дијалогот и соработката помеѓу црквите и сметаат дека оваа соработка може да придонесе кон подобро разбирање и соживот во македонското општество. Ова претставува и генерален тренд кој се забележува кај сите останати испитаници, без разлика на нивната религиска припадност.

Заклучок

- **Повеќето граѓани не знаат колку верски заедници се наведени во Уставот.**
- **Релативно висок број од сите испитаници или околу 40%, е информиран или донекаде информиран во однос на Католичката црква, додека кај Евангелско-методистичката црква овој процент е помал и се движи во рамките на 28%.**
- **Во споредба со муслиманите, православните верници се релативно повеќе информирани за Католичката и Евангелско-методистичката црква, што беше и очекувано со оглед дека сите тие се деноминации, односно дел од христијанската религија.**
- **Релативно помал дел од граѓаните или околу една третина, знаат на која христијанска деноминација и припаѓа Евангелско-методистичката црква**
- **Голем дел од граѓаните се запознаени дека највисока функција во Католичката црква е Папа, што претставува резултат на високиот степен на визибилност и глобална медиумска покриеност на поглаварот на Католичката црква.**
- **Релативно помалку граѓани посетиле Евангелско-методистичка црква, додека повеќе од третина од вкупниот број испитаници посетиле Католичка црква**
- **Граѓаните имаат повеќе прилики да посетат некој католички храм, споредено со можноста да посетат некоја Евангелско-методистичка црква со оглед на релативно многу поголемо присуство на католички храмови во регионот.**
- **Околу третина од граѓаните се запознаени со активностите или имаат одредена интеракција со припадници на Католичката црква, додека за Евангелско-методистичката црква овие проценти се помали и во рамките на околу 20% од испитаниците.**
- **Многу е сличен процентот на граѓаните кои имаат одредена интеракција или се информирани за активностите на Католичката и Евангелско-методистичката црква, со оние кои на прашањето за придонесот на Католичката и Евангелско-методистичката црква одговориле дека тие имаат голем или донекаде голем придонес за македонското општество.**
- **Релативно висок процент од граѓаните од православна и муслиманска вероисповед немаат проблем да комуницираат со припадници на Католичката или Евангелско-методистичката црква, односно постои релативно висок степен на меѓурелигиска и интрарелигиска толеранција**
- **Граѓаните кои се припадници на Православната црква искажуваат поголема толерантност од муслиманите како во однос на меѓурелигиската, така и во однос на интрарелигиската толеранција.**
- **Перцепцијата на најголем дел од граѓаните е дека припадниците на Католичката и Евангелско-методистичката црква ги уживаат своите верски слободи и за нивните верници не постои никаква дискриминација по овој основ.**


- **Православните верници и генерално граѓаните имаат позитивни, но и донекаде поделени мислења околу споделените заеднички вредности помеѓу Православната и Католичката, односно Евангелско-методистичката црква.**
- **Околу половина од испитаниците (49%) одговориле дека не им е познато колку се блиски или какви заеднички вредности споделуваат меѓусебе Католичката и Евангелско-методистичката црква.**
- **Најголемиот дел од православните христијани, иако можеби не се доволно запознаени со поимот екуменизам, го поддржуваат дијалогот и соработката помеѓу црквите и сметаат дека оваа соработка може да придонесе кон подобро разбирање и соживот во македонското општество.**
- **Ова претставува и генерален тренд кој се забележува кај сите останати испитаници, без разлика на нивната религиска припадност.**

Демографски карактеристики

1.1 Табела

Пол		
	Испитаници	Процент
Машки	573	51.2
Женски	547	48.8
Вкупно	1120	100.0


1.1 Графикон



1.2 Табела

Возраст		
	Испитаници	Процент
до 29 години	169	15.1
од 30 до 39 години	192	17.1
од 40 до 49 години	238	21.3
од 50 до 59 години	248	22.1
над 60 години	273	24.4
Вкупно	1120	100.0


1.2 Графикон



1.3 Табела

Образование		
	Испитаници	Процент
до основно	69	6.2
основно	113	10.1
средно	707	63.1
вишо и високо	231	20.6
Вкупно	1120	100.0


1.3 Графикон



1.4 Табела

Професија	Испитаници	Процент
Студент	42	3.8
Вработен во приватен сектор	402	35.9
Вработен државен сектор	245	21.9
Самовработен или сопственик на приватен бизнис	52	4.6
Земјоделец	9	0.8
Пензионер	235	21.0
Невработен	124	11.1
Друго	11	1.0
Вкупно	1120	100.0


1.4 Графикон



1.5 Табела

Етникум		
	Испитаници	Процент
Македонец	809	72.2
Албанец	264	23.6
Друго	47	4.2
Вкупно	1120	100.0


1.5 Графикон



1.6 Табела

Место		
	Испитаници	Процент
Село	282	25.2
Помал град	220	19.6
Поголем град	351	31.3
Скопје	267	23.8
Вкупно	1120	100.0


1.6 Графикон



1.7 Табела

Регион	Испитаници	Процент
Вардарски регион	88	7.9
Источен регион	94	8.4
Југозападен регион	122	10.9
Југоисточен регион	95	8.5
Пелагониски регион	135	12.1
Полошки регион	160	14.3
Североисточен регион	76	6.8
Скопски регион	350	31.3
Вкупно	1120	100.0


1.7 Графикон



Табеларен приказ на резултатите :

П.1 На која религија и припаѓате?

		2025	2026
На која религија и припаѓате?	Православна	71.9%	**70.8%**
	Исламска	23.7%	**26.3%**
	Друга	1.4%	**1.2%**
	Атеист	2.7%	**1.8%**
	НЗ/НО	0.4%	**0.0%**




		ВКУПНО		Пол		Возраст					Образование				Професија							
				Машки	Женски	до 29 години	30 - 39	40 - 49	50 - 59	над 60 години	до основно	основно	средно	вишо и високо	Студент	Приватен сектор	Државен сектор	Самовработен/ сопственик	Земјоделец	Пензионер	Невработен	Друго
Број на испитаници		**1120**	**100%**	**573**	**547**	**169**	**192**	**238**	**248**	**273**	**69**	**113**	**707**	**231**	**42**	**402**	**245**	**52**	**9**	**235**	**124**	**11**
На која религија и припаѓате?	Православна	793	**70.8%**	70.5%	71.1%	68.0%	70.3%	71.4%	63.7%	78.8%	59.4%	60.2%	74.0%	69.7%	71.4%	71.9%	74.7%	38.5%	66.7%	81.7%	54.8%	45.5%
	Исламска	294	**26.3%**	26.9%	25.6%	27.8%	29.7%	26.5%	31.0%	18.3%	39.1%	38.9%	23.6%	24.2%	23.8%	25.9%	21.2%	61.5%	33.3%	15.7%	41.9%	36.4%
	Атеист	13	**1.2%**	0.9%	1.5%	3.0%			2.0%	1.1%			1.3%	1.7%	4.8%	0.7%	2.0%			0.4%	0.8%	9.1%
	Друга	20	**1.8%**	1.7%	1.8%	1.2%		2.1%	3.2%	1.8%	1.4%	0.9%	1.1%	4.3%		1.5%	2.0%			2.1%	2.4%	9.1%

		Етникум			Место				Регион							
		Македонец	Албанец	Друго	Село	Помал град	Поголем град	Скопје	Вардарски	Источен	Југозападен	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски
Број на испитаници		**809**	**264**	**47**	**282**	**220**	**351**	**267**	**88**	**94**	**122**	**95**	**135**	**160**	**76**	**350**
На која религија и припаѓате?	Православна	96.5%	0.4%	23.4%	41.1%	86.4%	74.9%	83.9%	92.0%	97.9%	47.5%	91.6%	95.6%	21.9%	73.7%	72.9%
	Исламска		99.2%	68.1%	58.5%	10.5%	21.4%	11.6%	1.1%		49.2%	3.2%	2.2%	78.1%	26.3%	23.4%
	Атеист	1.5%	0.4%			0.5%	1.7%	2.2%	3.4%	1.1%	0.8%		1.5%			1.7%
	Друга	2.0%		8.5%	0.4%	2.7%	2.0%	2.2%	3.4%	1.1%	2.5%	5.3%	0.7%			2.0%

П.2 Дали за себе можете да кажете дека сте религиозен/на?

		2025	2026
Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?	Да	50.5%	**51.3%**
	Донекаде да	35.3%	**34.8%**
	Донекаде не	6.8%	**7.5%**
	Не	5.9%	**6.3%**
	НЗ/НО	1.4%	**0.2%**




		ВКУПНО		Пол		Возраст					Образование				Професија							
				Машки	Женски	до 29 години	30 - 39	40 - 49	50 - 59	над 60 години	до основно	основно	средно	вишо и високо	Студент	Приватен сектор	Државен сектор	Самовработен/ сопственик	Земјоделец	Пензионер	Невработен	Друго
Број на испитаници		**1120**	**100%**	**573**	**547**	**169**	**192**	**238**	**248**	**273**	**69**	**113**	**707**	**231**	**42**	**402**	**245**	**52**	**9**	**235**	**124**	**11**
Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?	Да	574	**51.3%**	49.9%	52.7%	53.8%	49.0%	50.8%	50.8%	52.0%	49.3%	57.5%	53.3%	42.4%	33.3%	54.2%	49.0%	48.1%	55.6%	51.5%	50.8%	72.7%
	Донекаде да	390	**34.8%**	34.4%	35.3%	29.6%	34.4%	33.6%	37.1%	37.4%	42.0%	32.7%	34.5%	34.6%	38.1%	33.3%	29.8%	40.4%	44.4%	38.3%	41.1%	9.1%
	Донекаде не	84	**7.5%**	8.2%	6.8%	8.9%	8.3%	9.2%	7.3%	4.8%	7.2%	5.3%	5.9%	13.4%	11.9%	8.2%	9.8%	11.5%		5.1%	3.2%	
	Не	70	**6.3%**	7.5%	4.9%	7.7%	8.3%	5.9%	4.8%	5.5%	1.4%	3.5%	6.1%	9.5%	16.7%	4.2%	11.4%			4.7%	4.8%	9.1%
	НЗ/НО	2	**0.2%**		0.4%			0.4%		0.4%		0.9%	0.1%							0.4%		9.1%

		Етникум			Место				Регион							
		Македонец	Албанец	Друго	Село	Помал град	Поголем град	Скопје	Вардарски	Источен	Југозападен	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски
Број на испитаници		**809**	**264**	**47**	**282**	**220**	**351**	**267**	**88**	**94**	**122**	**95**	**135**	**160**	**76**	**350**
Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?	Да	51.7%	47.7%	63.8%	45.7%	58.2%	49.9%	53.2%	35.2%	53.2%	50.0%	52.6%	54.8%	55.6%	64.5%	48.6%
	Донекаде да	34.0%	39.4%	23.4%	40.8%	32.7%	34.2%	31.1%	38.6%	37.2%	35.2%	38.9%	35.6%	36.3%	22.4%	33.7%
	Донекаде не	7.2%	8.7%	6.4%	8.5%	2.7%	9.1%	8.2%	12.5%	5.3%	4.9%	4.2%	6.7%	4.4%	6.6%	10.6%
	Не	7.0%	3.8%	6.4%	4.6%	6.4%	6.8%	7.1%	13.6%	4.3%	9.0%	4.2%	3.0%	3.8%	6.6%	6.9%
	НЗ/НО	0.1%	0.4%		0.4%			0.4%			0.8%					0.3%

П.3 Дали имате доверба во:

		2025	2026
Дали имате доверба во: (МПЦ-ОА за православни) (ИВЗ за муслимани) (КЦ за католици) (ЕМЦ за методисти) (ЕЗ за Евреи)	Да	45.3%	**50.1%**
	Донекаде да	27.7%	**26.3%**
	Донекаде не	13.4%	**9.7%**
	Не воопшто	10.1%	**8.8%**
	НЗ/НО	3.5%	**5.0%**



		ВКУПНО		Пол		Возраст					Образование				Професија							
				Машки	Женски	до 29 години	30 - 39	40 - 49	50 - 59	над 60 години	до основно	основно	средно	вишо и високо	Студент	Приватен сектор	Државен сектор	Самовработен/ сопственик	Земјоделец	Пензионер	Невработен	Друго
Број на испитаници		**1120**	**100%**	**573**	**547**	**169**	**192**	**238**	**248**	**273**	**69**	**113**	**707**	**231**	**42**	**402**	**245**	**52**	**9**	**235**	**124**	**11**
Дали имате доверба во: (МПЦ-ОА за православни) (ИВЗ за муслимани) (КЦ за католици) (ЕМЦ за методисти) (ЕЗ за Евреи)	Да	561	**50.1%**	48.7%	51.6%	49.1%	52.1%	46.6%	48.0%	54.2%	49.3%	49.6%	52.5%	43.3%	21.4%	52.7%	47.8%	59.6%	55.6%	54.0%	43.5%	54.5%
	Донекаде да	295	**26.3%**	26.9%	25.8%	29.6%	20.8%	25.2%	29.0%	26.7%	29.0%	30.1%	25.2%	27.3%	42.9%	26.1%	20.8%	25.0%	44.4%	27.7%	29.8%	18.2%
	Донекаде не	109	**9.7%**	10.1%	9.3%	10.1%	9.9%	10.9%	10.1%	8.1%	10.1%	7.1%	9.3%	12.1%	11.9%	9.5%	11.4%	11.5%		7.7%	10.5%	9.1%
	Не воопшто	99	**8.8%**	9.8%	7.9%	6.5%	9.9%	9.2%	9.3%	8.8%	8.7%	11.5%	7.8%	10.8%	11.9%	8.5%	11.0%	1.9%		8.5%	8.9%	9.1%
	НЗ/НО	56	**5.0%**	4.5%	5.5%	4.7%	7.3%	8.0%	3.6%	2.2%	2.9%	1.8%	5.2%	6.5%	11.9%	3.2%	9.0%	1.9%		2.1%	7.3%	9.1%

		Етникум			Место				Регион							
		Македонец	Албанец	Друго	Село	Помал град	Поголем град	Скопје	Вардарски	Источен	Југозапален	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски
Број на испитаници		**809**	**264**	**47**	**282**	**220**	**351**	**267**	**88**	**94**	**122**	**95**	**135**	**160**	**76**	**350**
Дали имате доверба во: (МПЦ-ОА за православни) (ИВЗ за муслимани) (КЦ за католици) (ЕМЦ за методисти) (ЕЗ за Евреи)	Да	52.9%	41.7%	48.9%	41.8%	60.9%	49.9%	50.2%	31.8%	58.5%	43.4%	53.7%	60.0%	50.0%	65.8%	46.6%
	Донекаде да	25.2%	29.9%	25.5%	32.3%	25.0%	22.2%	26.6%	23.9%	22.3%	27.9%	21.1%	23.0%	34.4%	23.7%	27.1%
	Донекаде не	8.8%	13.6%	4.3%	11.0%	5.5%	11.7%	9.4%	13.6%	7.4%	10.7%	11.6%	8.1%	6.3%	5.3%	11.7%
	Не воопшто	8.9%	8.0%	12.8%	8.9%	5.5%	11.7%	7.9%	12.5%	9.6%	9.8%	11.6%	8.9%	5.6%	5.3%	8.9%
	НЗ/НО	4.2%	6.8%	8.5%	6.0%	3.2%	4.6%	6.0%	18.2%	2.1%	8.2%	2.1%		3.8%		5.7%


П.4 Според вас колку верски заедници се наведени во Уставот на Р.С. Македонија?



		ВКУПНО		Пол		Возраст					Образование				Професија							
				Машки	Женски	до 29 години	30 - 39	40 - 49	50 - 59	над 60 години	до основно	основно	средно	вишо и високо	Студент	Приватен сектор	Државен сектор	Самовработен/ сопственик	Земјоделец	Пензионер	Невработен	Друго
Број на испитаници		**1120**	**100%**	**573**	**547**	**169**	**192**	**238**	**248**	**273**	**69**	**113**	**707**	**231**	**42**	**402**	**245**	**52**	**9**	**235**	**124**	**11**
Според вас колку верски заедници се наведени во Уставот на Р.С. Македонија?	Една	9	**0.8%**	0.7%	0.9%	1.8%		0.8%	1.6%				1.1%	0.4%		1.2%	1.2%			0.4%		
	Две	51	**4.6%**	5.1%	4.0%	4.1%	2.6%	6.7%	6.5%	2.6%	2.9%	4.4%	5.0%	3.9%	4.8%	4.7%	4.5%	5.8%		3.0%	7.3%	
	Три	160	**14.3%**	13.8%	14.8%	13.6%	15.6%	13.4%	15.3%	13.6%	15.9%	15.9%	13.2%	16.5%	9.5%	15.4%	14.3%	26.9%	22.2%	11.9%	12.1%	
	Четири	174	**15.5%**	17.3%	13.7%	13.0%	13.0%	15.5%	20.2%	14.7%	8.7%	16.8%	15.6%	16.9%	19.0%	12.7%	15.9%	17.3%	33.3%	14.9%	23.4%	
	Пет	188	**16.8%**	20.8%	12.6%	15.4%	15.6%	21.0%	22.6%	9.5%	2.9%	8.8%	19.9%	15.2%	16.7%	19.4%	20.8%	11.5%		9.8%	17.7%	9.1%
	Повеќе од пет	128	**11.4%**	12.2%	10.6%	13.0%	8.3%	9.7%	12.9%	12.8%	11.6%	13.3%	10.3%	13.9%	2.4%	11.4%	14.3%	5.8%		13.6%	8.1%	9.1%
	НЗ/НО	410	**36.6%**	30.2%	43.3%	39.1%	44.8%	32.8%	21.0%	46.9%	58.0%	40.7%	34.9%	33.3%	47.6%	35.1%	29.0%	32.7%	44.4%	46.4%	31.5%	81.8%

		Етникум			Место				Регион							
		Македонец	Албанец	Друго	Село	Помал град	Поголем град	Скопје	Вардарски	Источен	Југозападен	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски
Број на испитаници		**809**	**264**	**47**	**282**	**220**	**351**	**267**	**88**	**94**	**122**	**95**	**135**	**160**	**76**	**350**
Според вас колку верски заедници се наведени во Уставот на Р.С. Македонија?	Една	0.9%	0.8%		0.4%	0.9%	0.3%	1.9%		1.1%		1.1%	0.7%	0.6%		1.4%
	Две	4.3%	5.3%	4.3%	5.0%	0.5%	6.6%	4.9%	3.4%	2.1%	3.3%	3.2%	4.4%	5.0%	7.9%	5.4%
	Три	13.5%	17.4%	10.6%	16.0%	10.0%	15.1%	15.0%	6.8%	11.7%	9.0%	10.5%	20.7%	20.0%	13.2%	14.9%
	Четири	11.5%	26.9%	21.3%	19.9%	12.7%	14.5%	14.6%	11.4%	2.1%	26.2%	10.5%	11.9%	17.5%	15.8%	18.3%
	Пет	17.8%	14.4%	12.8%	13.8%	25.9%	10.0%	21.3%	23.9%	19.1%	15.6%	18.9%	11.1%	14.4%	15.8%	17.7%
	Повеќе од пет	12.9%	5.7%	19.1%	12.8%	10.0%	13.7%	8.2%	12.5%	1.1%	1.6%	12.6%	25.9%	11.9%	21.1%	9.1%
	НЗ/НО	39.2%	29.5%	31.9%	32.3%	40.0%	39.9%	34.1%	42.0%	62.8%	44.3%	43.2%	25.2%	30.6%	26.3%	33.1%


П.5 Дали сте запознаени, односно информирани за:



Дали сте запознаени, односно информирани за:		ВКУПНО		Пол		Возраст					Образование				Професија							
				Машки	Женски	до 29 години	30 - 39	40 - 49	50 - 59	над 60 години	до основно	основно	средно	вишо и високо	Студент	Приватен сектор	Државен сектор	Самовработен/ сопственик	Земјоделец	Пензионер	Невработен	Друго
Број на испитаници		**1120**	**100%**	**573**	**547**	**169**	**192**	**238**	**248**	**273**	**69**	**113**	**707**	**231**	**42**	**402**	**245**	**52**	**9**	**235**	**124**	**11**
Католичката црква во Р.С. Македонија?	Многу сум запознаен	135	**12.1%**	12.2%	11.9%	14.8%	8.3%	12.2%	14.9%	10.3%	5.8%	6.2%	11.7%	17.7%	16.7%	11.2%	16.7%	5.8%		11.9%	8.1%	9.1%
	Донекаде сум запознаен	319	**28.5%**	28.8%	28.2%	26.0%	24.5%	32.4%	30.6%	27.5%	17.4%	24.8%	30.8%	26.4%	28.6%	28.9%	33.1%	26.9%	11.1%	25.1%	27.4%	18.2%
	Малку сум запознаен	292	**26.1%**	28.4%	23.6%	22.5%	30.2%	23.9%	29.4%	24.2%	30.4%	31.9%	24.5%	26.8%	16.7%	30.1%	20.8%	32.7%	11.1%	25.5%	25.8%	27.3%
	Воопшто не сум запознаен	312	**27.9%**	26.5%	29.3%	29.6%	33.3%	24.8%	23.0%	30.0%	34.8%	30.1%	28.7%	22.1%	33.3%	27.4%	22.0%	28.8%	55.6%	30.6%	32.3%	18.2%
	НЗ/НО	62	**5.5%**	4.0%	7.1%	7.1%	3.6%	6.7%	2.0%	8.1%	11.6%	7.1%	4.2%	6.9%	4.8%	2.5%	7.3%	5.8%	22.2%	6.8%	6.5%	27.3%
Евангелско-методистичката црква во Р.С. Македонија?	Многу сум запознаен	95	**8.5%**	7.7%	9.3%	10.1%	5.7%	9.2%	9.3%	8.1%	5.8%	3.5%	8.9%	10.4%	11.9%	9.2%	8.6%	3.8%		7.7%	8.9%	9.1%
	Донекаде сум запознаен	219	**19.6%**	20.2%	18.8%	17.8%	17.2%	24.8%	23.4%	14.3%	4.3%	15.9%	20.8%	22.1%	26.2%	21.1%	22.4%	19.2%	11.1%	15.7%	16.1%	
	Малку сум запознаен	200	**17.9%**	19.4%	16.3%	15.4%	15.1%	19.3%	19.8%	18.3%	23.2%	19.5%	17.3%	17.3%	21.4%	17.4%	18.0%	23.1%		19.6%	13.7%	18.2%
	Воопшто не сум запознаен	518	**46.3%**	45.9%	46.6%	48.5%	53.6%	38.7%	43.1%	49.1%	50.7%	48.7%	47.1%	41.1%	35.7%	47.8%	41.2%	46.2%	66.7%	48.9%	48.4%	45.5%
